# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток Ноември 2025 година Број 20/2025 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за доделување Шестоноемвриски признанија за 2025 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за доделување Шестоноемвриски признанија за 2025 година, бр.08-1294/4

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 06.11.2025 година.

Број 09-1294/5
Дата 06.11.2025 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 5 и член 8 став 2 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08-262/1 од 08.07.1997 година, како и двете измени и дополнувања на Одлуката број 07-1470/1 од 20.08.2010 година и број 07-990/1 од 20.05.2013 година,

Комисијата за награди и признанија по повод одбележувањето на празникот „6-ти Ноември-81-годините од ослободувањето на Радовиш„ до Советот на Општина Радовиш доставува

О Д Л У К А
за доделување Шестоноемвриски признанија за 2025 година

член 1

Со оваа Одлука се доделуваат следните Шестоноемвриски признанија:

1. Ацо Ристов, поранешен Градоначалник на општина Радовиш, за особен придонес и посебни заслуги за севкупниот развој на општина Радовиш;

2. Групата „Троја“ – за значаен придонес во афирмацијата на Радовиш преку културата и уметноста;

3. Вокален солист Александар Тарабунов – за континуиран придонес во афирмацијата на Радовиш преку културата и уметноста;

4. Друштво за сточарство, земјоделие и трговија ЃОРГИЕВИ ДООЕЛ – за континуирана висока општествена одговорност и афирмација на општина Радовиш;

5. Марија Ристова – за истакнати резултати во одгледување на расата Шарпланинец и афирмација на општина Радовиш;

6. Мима Јованова и Јана Јованова – за постигнати државни и меѓународни успеси на полето на

музичката уметност и афирмација на општина Радовиш.

Број 08-1294/4Совет на општина Радовиш
Дата 06.11.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на
Заклучок за усвојување на Извештаите на
Работните тела на
Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш, бр.08-1294/6

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 06.11.2025 година.

Број 09-1294/7 Градоначалник
Дата 06.11.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на II седница одржана на 07.11.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештај на
Работните тела на
Советот на општина Радовиш

член 1

Се усвојуваат Извештајот на работните тела приложени на седниците на Советот на општина Радовиш одржани на 06.11.2025 година и тоа:

-Комисијата за награди и признанија, 1-та седница одржана на 05.11.2025 година;

член 2

Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1294/7Совет на општина Радовиш
Дата 06.11.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за доделување Шестоноемвриски признанија за 2025 година---------------------------------------------1
-Одлука за доделување Шестоноемвриски признанија за 2025 година-------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш------------------------------------------2
-Заклучок за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш------------------------------------------2